

[Прес соопштение] Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија (ИДСЦС) по трет пат го спроведоа истражувањето „ Спорот за името Македонија“, кое треба да придонесе кон поширока јавна дебата за спорот за името, во која ќе бидат вклучени сите релевантни чинители. Со ова соопштение ги објавуваме наодите од ова истражување.

**Во пораст е ставот против каква било промена на името.** Мнозинството граѓани (62,4 %) се против каква било промена на името, (48,4 % во 2010 г. и 45,3 % во 2011 г). Тоа е потцртано и со ставот дека на големо мнозинство на граѓани (70,3 %) не им е прифатлива ниту една географска одредница. Мнозинството кое е за никаква промена е поголемо меѓу етничките Македонци - 79,7% се за никаква промена.

**За разлика од приближувањето на ставовите меѓу етничките Македонци и етничките Албанци во 2011 г. сега постои одредено оддалечување.** Ставовите на етничките Македонци и етничките Албанци во 2011 г. се приближуваа во однос на решението за спорот и поддршката на референдум. И во 2013 г. повеќето ставови остануваат во иста насока, на пример никаква промена е став на 23,4 % етнички Албанци и е најчест став, но поради порастот на таквиот став меѓу етничките Македонци од 57 % на 79,7 % се зголемува јазот меѓу етничките Македонци и етничките Албанци. Оддалечувањето е највидливо во ставовите за „зачувување на името“ наспроти „евроатлантските интеграции“, кои се од важност за сите, но при избор од тие два приоритети 64,9 % од етничките Македонци би избрале зачувување на името, а 68 % етнички Албанци би избрале евроатлантски интеграции.

**Идентитетот продолжува да биде гранитна црвена линија**, што се огледува и во ставот против било каква промена, но и во противењето на додефинирање во ООН на националноста/ државјанството (71,5 %) и на македонскиот јазик (73,6 %). Идентитетот е клучен фактор во спорот, и 53,8 % од граѓаните како главна пречка за решавање на спорот го гледаат неприфаќањето на Грција на реалноста за постоење на Македонија, Македонци и македонски јазик, а за 32,9 % од граѓаните главна закана е дека и ако се реши спорот за името Грција ќе бара нови отстапки во идентитетот и јазикот.

**Граѓаните согледуваат потреба за градење на широк договор, а најодговорен за градење на широк договор е Владата на Македонија.** Мнозинство граѓани (66,3 %) од сите етнички и партиски припадности поддржува референдум за договор за името. Поддршката за референдум е во пораст од 2010 г. - 54,4 %, на 64 % во 2011 г. и 66,3% во 2013 г.

**На референдум - против договорено име за севкупна употреба.** Мнозинство граѓани (62,7 %) би гласале против предлогот Горна Република Македонија за севкупна употреба, додека помало мнозинство (58,4 %) би било против предлогот, и во моментот кога земјата ќе стане членка на ЕУ.

**Интеграции во ЕУ/ НАТО и зачувување на името и со нив асоцираните закани се главните фактори кои влијаат на спорот за името.** Во случај на нерешавање на спорот како главни закани се доживуваат застој во евроатлантските интеграции (32,3%), економски застој (26,1%) и влошување на меѓуетничките односи (23,7%). Во случај на решение за спорот за името, како главни закани се доживуваат грчките барања за нови отстапки во идентитетот (32,9%), раскол и тензии на предавници и патриоти (20%), и дека ЕУ нема да ја прими Македонија поради застој во проширувањето (12,8%). Се чини дека доживувањето на овие закани како закани за опстанокот на нацијата се главен двигател за одбивање договор со Грција.

**Затворен е малиот прозорец за договор, грчката блокада го зголемува отпорот меѓу граѓаните.** И додека во 2011 г. постоеја одредени надежи за мал прозорец за договор, делумно поврзан и со очекувањата од постапката пред Меѓународниот суд за правдата, во 2013 г. станува јасно дека таквиот прозорец се затвора. И покрај личните желби за постигнување договор во краток период, опаѓа оптимизмот дека е можно брзо решение. Показател на зголемениот песимизам е зголемување на ставот дека договор никогаш нема да се постигне и намалување на очекувањето за побрзо решавање на спорот. Граѓаните, без обѕир на одредени разлики, сметаат дека поголем дел од вината за нерешавање е во недоволното залагање на грчката страна. Порастот на противењето на каква било промена на името (никаква промена), како и порастот на ставот за зачувување на името, може да се поврзе со грчката блокада на евроатлантските интеграции, односно блокадата најверојатно го зголемува отпорот кон решение. Како резултат на тоа 44,9 % граѓани сметаат дека е потребно да се суспендираат или прекинат разговорите под покровителство на ООН.

**За договор потребно е вклучување на премиерите на двете земји и на трета страна како САД, ЕУ и Германија.**

Испитувањето на јавното мислење направено преку теренска анкета во периодот 15 ноември – 1 декември 2013 г на репрезентативен примерок од 1.000 испитаници со +/- 3 % грешка. Анкетата ја спроведе М-проспект, чија одговорност беше и нејзината методолошка исправност.